РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА
Бр. 04-2222/3
24.11 2022 год.
МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

3

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ЕЛС МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

„Каменичка" бр. 2 – Македонска Каменица тел./факс: 033 432 741
opstina@makedonskakamenica.gov.mk ;
www.makedonskakamenica.gov.mk

Врз основа на член 30 став 1 точка 2 и став 3 и член 48 став 4 од Законот за административни службеници(„Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 127/2016, 142/2016,142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на "Република Северна Македонија" бр.143/2019, 14/20, 215/2021 и 99/2022) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот спроведување на административна селекција и интервјуто како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас(„Службен весник на Република Македонија" бр.11/2015 и 35/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.303/20), а согласно Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Македонска Каменица со архивски број. 09-425/1 од 22.02.2016 година, Правилникот за измена на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Македонска Каменица со архивски број 09-758/1 од 10.04.2018 година, Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на Општина Македонска Каменица со архивски број 09-357/1 од 06.02.2019 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Македонска Каменица со архивски број 09-334/1 од 06.02.2020 годинаПравилникот за измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на Општина Македонска Каменица со архивски број 09-1119/1 од 08.07.2021 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Македонска Каменица со архивски број 09-1329/1 од 19.07.2022 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Македонска Каменица со архивски број 09-1329/4 од 15.11.2022 година, Општина Македонска Каменица објавува:

## ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 02/2022
## За унапредување на 1(еден) административен службеник во Општина Македонска Каменица

Општина Македонска Каменица објавува Интерен оглас за унапредување на 1(еден) административнен службеник за следните работни места:

1. **УПР0101В01000,Советник за локален развој на индустриска зона и управување со градежно земјиште, во одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животна средина и локален економски развој, 1(еден) извршител;**

- Општи услови
  -да е државјанин/ка на Република Северна Македонија;
  -активно да го користи македонскиот јазик;
  -да е полнолетен/а;
  -да има општа здравствена способност за работното место и
  -со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна за забрана на вршење професија,дејности или должност.

- **Посебни услови за работното место под точка еден(1) утврдени со актот за систематизација се:**
  *Ниво на стручни квалификации VI А степен според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1, високо образование ;
  Овластување за управување со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, согласно Законот за градежно земјиште
  *најмалку три години работно искуство во струката;

- **Посебни работни компетенции за работното место:**
  -активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија(англиски,француски,германски);
  -активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;

- **Потребни општи работни компетенции на средно ниво за работно место**
  -решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
  -учење и развој;
  -комуникација;
  -остварување на резултати;
  -работење со други/тимска работа;
  -стратешка свест;
  -ориентираност кон клиенти/засегнати страни;
  -финасиско управување

- **Распоред на работното време:**
  Неделно работно време од понеделник до петок,работни часови неделно 40 а дневното работно време е 8(осум) работни часа (07.30часот-15.30часот);

- Платата за работно место е во паричен нето износ од **26.566,00 денари** ;
- На интерниот оглас може да се јават административни службеници вработени во Општина Македонска Каменица, кој ги исполнуваат општите и посебните услови и работни компетенции за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво согласно Законот за административни службеници и во Правилникот за систематизација на работните места во Општина Македонска Каменица.
  Административниот службеник треба да ги исполнува следните услови:
  -да е оценет со оцена "А" или "Б" при последото оценување на кое бил оценуван;
  -да е на работното место на непоредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
  -да поминал најмалку две години на истото ниво

-да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас;

Заитерисираниот административен службеник,поднесува пополнета **Пријава** и докази за податоците содржани во пријавата преку Архивата на Општина Македонска Каменица и до службената електронска адреса на Општина Македонска Каменица: opstina@makedonskakamenica.gov.mk.

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови,можат да ги приложат и следните докази:
-потврди за успешно реализирани обуки и/или
-потврди за успешно реализирано менторство.

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае пет(5) дена од денот на објавување на огласот на web страната на Општина Македонска Каменица и на Агенцијата за Администрација. Ненавремена, нецелосно и неуредно пополнета пријава ке биде отфрлена.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

Согласно измената на Годишниот план за вработување за 2022 година на општина Македонска Каменица со архивки број:04-1478/1 од 16.08.2022 година работното место треба да биде пополнето со лице од македонската етничка заедница

НАПОМЕНА: Кандидатот/ката кој/а ќе достави лажни податоци во пријавата или се утврди дека доставил/а лажни податоци,ќе биде дискалификуван од натамошната постапка по овој Оглас.

**ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Димчо Атанасовски**

**ОБРАЗЕЦ ЗА ПРИЈАВА**
**ПО ИНТЕРЕН ОГЛАС БР.02/2022 ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА**

1. Податоци за огласот
   -Број на интерен оглас________________________________

   -Назив на Работно место за кое се пријавува____________________________________________________

2. Лични податоци на кандидатот/ката
   Име ________________________________________________________

   Презиме ____________________________________________________

   Припадност на заедница______________________________________

   Рааспоред на работното место /а во сектор, одделение
   ___________________________________________________________

   Контакт телефон______________________________

3. Податоци за исполнување на посебните услови
   _____________________________________________________________

   Вид на образование
   -Образовна институција_______________________________________

   -Насока _____________________________________________________.

   -Датум и број на Диплома ____________________________________

   Податоци за работното искуство
   -Години,месеци ______________________________________________

4. Податоци за оценување во последната година пред објабувањето на Интерниот оглас
   -20-___________ година____________________________

5.Податоци за изречена дисциплинска мерка 1- година пред објавувањето на интерниот оглас

___________________________________________________________________

6.Податоци за звањето на административниот службеник во последните две години пред објавувањето на интерниот оглас

___________________________________________________________________

7.Доказ-потврда за успешно реализираните обуки/потврди за успешно реализирано менторството_________________________________

Изјавувам под морална и материјална и кривична одговорност,дека податоците наведени во пријавата за унапредување, се веродостојни и дека на барање на надлежен орган ќе доставам докази,во оригинал или копија заверена кај нотар.

Напомена : кандидатот/ката кој доставил/а лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошна постапка.

Административен службеник

-----------------------------------------

Име и Презиме

-----------------------------------------

Своерачен потпис

-----------------------------------------